*Милорад*

*Бата Михаиловиќ*



*Музеј на град Скопје*

*Скопје, 1994*



*Милорад Бата Михаиловиќ е роден во Панчево на 8 февруари 1923 година. На Академијата за ликовни уметности во Белград се запишува 1946, но ја напушта по втората година на школувањето. Во 1947, заедно со неколку автори од неговата генерација (М. Поповиќ, П. Омчикус, В. Божичковиќ Љ. Јовановиќ, К. Бокшан), заминува за Задар настојувајќи да се ослободи од крутоста на тогашнта логика на изразување. Подоцна овој круг на млади уметници ќе стане познат под поимот "Задарска група". Подоцна се приклучува кон групата "Единаесетмина" со која 1951 година излага во Белград. Во Париз заминува 1952 година. Почетокот на шеесетите години претставува своевиден зенит во неговата уметничка активност. Со неколку уметници кои, главно, работат лирска апстракција излага во познатата галерија Ариел каде што во 1961 година ќе има и самостојна изложба. Натамошниот тек на неговото уметничко делување ќе претставува определена стабилизација во рамките на париската ликовна средина, одбележана со повеќе самостојни изложби, најчесто поврзани со споменатата галерија.Во натамошните децении неговото сликарство, на моменти, ќе биде обележано со настојувањата за согледување на сопствените корени на творештвото во духовното наследство од Византиската уметност. Живее и работи во Париз.*

***Лазо Плавевески***

*Населен во Париз од 1952 година, Михаиловиќ никогаш не дојде во искушение да се одрече од самата суштина на својата мисла и од побудите за своето делување... Неговиот гест е непосреден, прецизен, несебичен, тежнеејќи да биде разбирлив и да не поттикне да ги поделиме неговите победи, да учествуваме во органскиот живот што тој ни го открива, обземајќи не со своите возбудувања и крици, со своите разбранувани занеси и неодоливи пориви.*
*Некои нема да ја пропуштат приликата во ова сликарство да побараат извесен апстрактен пејсажизам, или битки или дури извесна "нова" фигуративност, тогаш кога симплицистичките формули и олеснувања немаат ништо заедничко со тоа сликарство: тоа е бојата, разлиена и нерамномерна, смело груба и народска, која потоа се претвора во возбудлив пејзаж, истражувачко поле на една личност; тоа се решителноста и цврстината на гестот кои сведочат за една борба, за едно сукобување во кое сликарот ја дава својата полна мера — гест со кој тој ја присвојува и ја преобразува стварноста и кој го ангажира како човек. Понекогаш од тоа ќе произлезат молскавични експлозии на изрази, неодоливи распнувања и ненадејни преобразувања во кои се напојува и јакне творечката страст, сјајна и решителна...*

***Раул — Жан Мулен***

*... Една особина пројавена уште во најраните дела остана постојано присутна во сликарството на Михаиловиќ а на таа особина ретроспективно укажа неговата последна изложба на тема "Градови", одржана 1979 во Нови Сад и Зрењанин: се работи за битно урбаниот карактер и менталитет на оваа уметност од самите нејзини почетоци до денес. Упориштето за ова тврдење не треба да се бара само во фактот што низа слики настанати до 1951 претставуваа мотиви од пејсажи на Белград: зашто, истиот дух беше присутен и во сликите со други мотиви, во портретите и мртвите природи, а тој дух е содржан пред се, во експресијата што се провлекува низ севкупната пластична организација на претставата. Повремените реминисценции на српските средновековни фрески и на старохристијанските мозаици, на што укажаа некои критичари на првата изложба на Михаиловиќ, никако не се последица на некој носталгичен поглед кон уметноста на минатото туку, напротив, тоа во еден момент бе●е свесен избор на културни референци што произлегуваа од потребата*

*на авторот во центарот на сопствените размислувања да ја доведе можноста за однос кон појавите во историјата на уметноста, а не само кон појавите во реалноста на околината. Урбаниот карактер на делото на Михаиловиќ е видлив и во експресијата на самата слика, но присутен е во смислата која овој автор ја бара во своето занимавање со уметноста: тоа е свеста дека уметноста, во основа, е една осаменичка усредоточеност кон проверувањето на причините и начините за изразување на сопствените внатрешни вознемирувања и во тоа проверување не може да има место за повикување на некои тогаш прокламирани колективни митови. Конечно, денес е јасно дека тој менталитет на урбан уметник беше индиректна причина за конфронтацијата на Михаиловиќ со одредени сфаќања кои се повеќе зајакнуваа меѓу припадниците на истата генерација, создавајќи во него дефинитивно убедување дека основната цел за занимавање со уметноста треба да се бара во предизвиците што стојат далеку од било кој облик на социјално интегрирање извршено со помошта на реалната или фиктивната уметничка репутација...*

***Јеша Денегри***

*...Многу чудниот, изузетно особен начин на дружење со минатото, што го врзува сликарството на Бата со културата на минатите времиња е објаснив низ особената структура на неговото битие. Тој се одликува со неверојатно брза интуиција, остра интелигенција која скоро наопаку го јава Пегаз, толку непредвидлив, што е скоро на границата на гротескното. За да му даде смисла на чинот на уметничко делување Бата го пушта да истече низ неговата рака, но на начин на кој се отвора или затвора славина. Тоа е само за влакно подалеку од детската дрскост. Откако ќе се поигра со тој чин, толку својствен за најхрабрите во столетиево, тој ја отвора славината до крај, така што во тоа лудило ги заборава сите почетоци, се разбира и почетокот на своето деструктивно поигрување. Токму тогаш се раѓа трагичниот амбис на неговото сликарство кој ни се чини уште поопасен поради некое необјаснето присуство на редот на разорувањето...*

***Глигор Чемерски***

*..Градот на Бата Михаиловиќ лебди во тркалото на историјата, цивилизацијата и имагинацијата. Неговите мени се како флуидното доживување на градовите. Градот не е еднодневен пејсаж туку вечна композиција слична на совршениот склад на Семирамидините градини за кои ни се чини дека токму такви сме ги виделе...*

***Драган Лакичевиќ***

*Бата Михаиловиќ патува и не го држи место за да може на различни места да слика секогаш едно исто...*

***Матија Бечковиќ***

*Milorad Bata Mihailovic was born on the 8th of February 1923 in Panchevo. In 1946 he enrolled the Academy of Art in Belgrade, but in 1948 he left it, after two years of studying. One year before that, in 1947, his efforts to set free from the rigidness and the intolerance of the current logic of expressing lead him to Zadar together with some authors of his generation (M. Popovic, P. Omchikus, V. Bozichovic, Lj. Jovanovic, K. Bokshan). This group of young artists later became known as the "Zadarska grupa" ("The Group of Zadar"). Mihailovic joined the group "The Eleven" and participated in its exhibitions in Belgrade during 1951. He left for Paris in 1952. The early 1960s were the zenith of his artistic engagement. He exhibited his works in the renown gallery "Ariel", where he had his one man exhibition in 1961. After that he managed to accommodate within the artistic milieu of Paris, supported by the aforementioned gallery where he had several one man exhibitions. In the decades to come his painting is, occasionally, devoted to searching the roots of his production in the spiritual heritage of the Byzantine art. Today he lives and works in Paris.*

*Lazo Plavevski*

*...Living in Paris since 1952, Mihailovic never got tempted to deny the very essence of his idea and the motives for his work. His gesture is direct, precise, generous, tending to become intelligible and to stimulate us to share his victories, to participate in the organic life which he reveals, permeating us with his excitements and cries, with his stormy fantasies and irresistible impulses. Some will not miss the opportunity to search through his painting for certain abstract landscape, or battles, or, even, for a certain "new" figuration, when the simplicists' formulas and facilitations have nothing in common with this painting: the colour, spilled and uneven, bravely impolite and colloquial, turns into a thrilling landscape and the searching field of a personality; the determination and firmness of the gesture reveal a struggle, a confrontation where the painter presents himself in his full strength - with that gesture he appropriates and transforms the reality, that gesture engages the human in him. Sometimes it results in passionate outburst of expressions, irresistible splittings and sudden alterations which exalt and strengthen his creative passion, brilliant and resolved...*

*Raoul - Jean Moulin*

*.An attribute revealed in Mihailovic's early works remained constantly present in his painting, as retrospectively indicated his exhibition on the topic Towns , held in 1979 in Novi Sad and Zrenjanin: the important things are the urbane character and mentality of this art, since its very beginnings to the present. The basis for this remark does not rely only in the fact that a series*

*of paintings made by 1951 were landscape motifs from Belgrade: the same mood was present in the paintings on other motifs, in portraits and still lives. That mood emanates from the expression present in the complete plastic organization of the scene. Furthermore, occasional reminiscences on Serbian medieval frescoes or Ancient-Christian mosaics, that were recognized by some critics of Mihailovic's first exhibition, are not a result of a nostalgic attitude towards the art of the past. On the contrary, it was, at a time, a fully aware selection of cultural references emerging from the author's need to get into the focus of his ideas the possibility of creating relations not only with the phenomena of the surrounding reality but, also, with the aspects in the art history. The urbane character of Mihailovic's works is apparent in the expression shown on the paintings, but it is, also, present in the author's search for the meanings of his engagement in art: it is the consciousness that the art is, actually, a lonesome focusing towards inspecting the reasons and ways of expressing one's own inner anxieties and in that inspecting there is no place for references to some of the currently prevailing collective myths. But now, it is, however, clear that the mentality of an urbaneartist was the indirect reason for Mihailovic's confrontation with certain attitudes that were arising among his friends of the same generation, resulting with his final conviction that the meaning of the engagement in art is to be searched in the challenges that stand apart from any form of social integration performed by means of the real or the fictive artistic reputation...*

***Jesha Denegri***

*...A rather strange, and extraordinarily personal way of communicating with the past, which links Bata's painting to the culture of some old times is due to the special structure of his being. He is endowed with an unusually quick intuition, sharp intelligence that rides the Pegasus almost upside down, so much capricious that it is almost touching the edges of the grotesque. Trying to acire meaning in the act of painting Bata let it flow down his hand, but in the manner a faucet is being opened or closed. This is onl a step from childish recalcitrance. After having played with this act, typical only for the bravest of the century, he turns the tap wide open, forgetting in his madness all the beginnings, including the beginning of his destructive playing. That is the moment when the tragic abyss of his painting is being attained, looking even more dangerous because of the inexplicable presence of an order of destruction...*

***Gligor Chemerski***

*..The town of Bata Mihailovic hangs in the course of the history, civilization and imagination. His phases are like the fluid experiencing the towns. The town is not a one-day's landscape, but an eternal composition similar to the perfect harmony of the Semiramida's Gardens, which look exactly the way we seemed to have seen them...*

***Dragan Lakicevic***

*Bata Mihailovic is traveling and cannot stand still. But in different places he paints the same thing...*

***Matija Beckovic***

*ПОЗНАЧАЈНИ САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ*

*1951 Белград, Галерија УЛУС*
*1953 Париз, Галерија Марсеј, Париз, Библиотека Пол Мориен*
*1957 Париз, Галерија Рив Гош*
*1958 Париз, Галерија Жан Буше*
*1962 Хаг, Галерија Нова спектра*
*1965 Белград, Музејот на современа уметност*
*1966 Париз, Галерија Ариел, Лондон, Галерија Там*
*1969 Осло, Галерија Хаакен*
*1970 Лил, Галерија Норд*
*1974 Париз, Галерија Ариел*
*1976 Амстердам, Галерија Де Боер*
*1978 Казабланка, Галерија Надар*
*1980 Париз, Галерија Ервал*
*1981 Белград, "Цвијета Зузориќ" Ретроспективна изложба, Осло, Галерија ЈМЦ, Ниш, Изложбен павиљон во Тврдината*
*1985 Париз, Галерија Ариел, Арас, Галерија Норуа, Големи формати 1955 1984*
*1986 Париз, Галерија Синар, Авр, Галерија Фуше-Сејенфес, Михаиловиќ, Феро*
*1988 Париз, Галерија Ариел, Кретеј*
*1989 Белград, Галерија САНУ, Сарајево, Скендерија*
*1991 Панчево, Модерна галерија*
*1994 Скопје, Музеј на град Скопје*

*ONE MAN EXHIBITIONS*

*1951 Beograd, Gallery ULUS*
*1953 Paris, Gallery Marseille, Paris, Libraire Paul Morihien*
*1957 Paris, Gallery Rive Gaushe*
*1958 Paris, Gallery Jeanne Busher*
*1962 Den Haag, Gallery Nova Spectra*
*1965 Beograd, The Museum of Contemporary Art*
*1966 Paris, Gallery Ariel, London, Tama Gallery*
*1969 Oslo, Gallery Haaken*
*1970 Lille, Gallery Nord*
*1974 Paris, Gallery Ariel*
*1976 Amsterdam, Gallery De Boer*
*1978 Casablanca, Gallery Nadar*
*1980 Paris, Gallery Erval*
*1981 Beograd, Art Salon "Cvijeta Zuzoric", A Retrospection, Oslo, Gallery JMC, Nish, Art Salon in the Fortress*
*1985 Paris, Gallery Ariel, Arasse, Gallery Noroit, Grands Formats 1955-1984*
*1986 Paris, Gallery Syin'ar, Les Havres, Gallery Foushe-Saillenfest, Mihailovitch, Feraud*
*1988 Paris, Gallery Ariel, Creteil, de Valde-Marne, Le monde ne finit pas*
*1989 Beograd, Gallery SANU, Sarajevo, Skenderija*
*1991 Panchevo, The Modern Gallery*
*1994 Skopje, Museum of the City of Skopje*









*Организација на изложбата: Музеј на град Скопје, Скопје и Галерија БАЗАЛТ, Белград*

• *Издава :* **Музеј на град Скопје** • *Одговорен уредник :* **Климе Коробар** •
• *Поставка на изложбата:* **Лазо Плавевски** • *Дизајн на каталогот :* **Фросина Зафировска** •
• *Превод на англиски:* **Маја Хаџимитрова-Иванова** •
• **Музеј на град Скопје, октомври 1994** •
• *Published by* **Museum of the City of Skopje** • *Editor-in-Chief* **Klime Korobar** •
• *Ehibition concept:* **Lazo Plavevski** • *Layout* **Frosina Zafirovska** •
• *Translated into English by* **Maja Hadzimitrova-Ivanova** •
• *Museum of the City of Skopje, October 1994* •

печатница МИЛЕ - Скопје

114-762- Музеј на град Скопје

*Museum of the City of Skopje*
*Skopje, 1994*



# *Milorad*
# *Bata Mihailović*